ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КРАТОВО
Бр.: 02-307/11
25.03.2021 год.
КРАТОВО

МИСТ ЕНЕРЏИ ДООЕЛ
Бр. 33-03
26.03.21
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР
## ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЗА 2021 г.

Склучен во ________на ________година

А. **ОПШТИНА КРАТОВО,** Плоштад „Маршал Тито“ бб Кратово, претставувана од Градоначалникот на Општина Кратово, **д-р Љупчо Бојаџиев** (во понатамошниот текст Договорен орган), во својство на одговорно лице на Договорниот орган од една страна како **Потрошувач на електричната енергија и**
Б. **Друштво за производство, трговија и услуги Мист Енерџи ДООЕЛ Скопје**, со седиште на Бул: Кочо Рацин, бр: 33, Скопје-Центар, Скопје со ЕМБС 6903886 и ЕДБ 4058013517153, жиро сметка 500000000876228 АД Стопанска Банка АД Битола, застапувано од Одговорно лице Марјан Трајковски (во понатамошниот текст **„Снабдувач со електрична енергија“**) од друга страна.

ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на договорот за јавна набавка е електрична енергија за потребите на ОПШТИНА КРАТОВО за период од 12 (дванаесет) месеци, согласно техничката спецификација во тендерската документација и прифатената понуда на носителот на набавката и понуда по е-аукција кои се составен дел на овој договор.

ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Вкупната вредност на договорот ќе се утврди врз основа на реално испорачаните количини на електрична енергија, но не повеќе од **3.000.000,00 денари без ДДВ или 3.540.000,00 денари со вкалкулиран ДДВ од 18%,** која вредност е утврдена во Одлуката за спроведување на постапката за јавна набавка врз основа на извршена пресметка на потрошувачка на електрична енергија од претходната година.

Договорниот орган го задржува правото да не ги реализира сите предвидени средства за времетраење на договорот.

Единечните цени се постигнати по спроведената електронска аукција на ЕСЈН по објавениот оглас бр.03062/2021 од 01.03.2021 година.

Единечна цена на електрична енергија за висока тарифа со вклучени: трошок за електрична енергија, трошок за планирање и номинирање на потрошувачката, трошок за балансирање на потрошувачката и увозни царински давачки, без ДДВ изнесува 3,65 ден по **kWh**.

Единечна цена на електрична енергија за ниска тарифа со вклучени: трошок за електрична енергија, трошок за планирање и номинирање на потрошувачката, трошок за балансирање на потрошувачката и увозни царински давачки, без ДДВ изнесува **3,65 ден по kWh**.

Цената ги вклучува сите трошоци за испорака на електричната енергија до местото на испорака: трошок за електрична енергија, трошок за планирање и номинирање на потрошувачката, трошок за балансирање на потрошувачката и увозни царински давачки, и истите се фиксни и непроменливи за целото времетраење на договорот.

Член 3

Договорните страни се согласни дека останатите трошоци поврзани со потрошената електрична енергија од страна на набавувачот, и тоа: надоместокот за електрична енергија од повластени производители и надоместокот за користење на пазарот за електрична енергија, кои се законски регулирани, ќе бидат дел од документот за плаќање (фактурата) издадена од добавувачот. За истите е дозволена корекција на цена во зависност од процентуално учество и просечните цени за добавувачот објавени од страна на надлежно тело, согласно позитивна законска регулатива.

ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 4

Договорот се склучува на определено време, за период од 12 (дванаесет) месеци започнувајќи од склучување на договорот до целосно исполнување на обврските од двете договорни страни, т. е до крајот на снабдувањето заклучно со 30.04.2022 година.

НАЧИН, РОК И МЕСТО НА ИСПОРАКА

Член 5

Снабдувачот со електрична енергија е должен да го снабдува договорниот орган-Потрошувач на електрична енергија со електричната енергија, согласно неговите потреби, редовно и непрекинато, 24 часа во денот за целото времетраење на договорот, до сите мерни места регистрирани на договорниот орган, Општина Кратово.

Снабдувачот со електрична енергија е должен да ја преземе на себе балансната одговорност и да го вметне договорниот орган во својата балансна одговорна група.

Снабдувачот со електрична енергија е должен непречено да дозволи отварање на нови приклучни мерни места или укинување на постоечки, за што ќе биде навремено известен, најмалку 10 дена однапред.

Договорниот орган-Потрошувач на електрична енергија го задржува правото да врши зголемување или намалување на бројот на мерни места, според потребите, за што 10 дена однапред ќе го извести Снабдувачот со електрична енергија.

Снабдувачот со електрична енергија прифаќа отстапување од претпоставените количини на електрична енергија на месечно и годишно ниво, во зависност од временските услови и потрошувачката на електрична енергија.

Мерењето на испорачаната електрична енергија го врши Операторот на дистрибутивниот систем.

Член 6

Носителот на набавката е должен да го снабдува договорниот орган со електричната енергија во период од 12 (дванаесет) месеци, започнувајќи **од 01.05.2021 година до 01.05.2022** година преку соодветниот електроенергетски систем до сите мерни места на Општина Кратово, при тоа почитувајќи ги одредбите од Законот за енергетика, Правилата за пазар на електрична енергија, Правилата за снабдување со електрична енергија и Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Договорниот орган - Потрошувачот се обврзува да го известува Носителот на набавката – Снабдувачот, пред спроведување на сите планирани ремонти и другите планирани активности врз својата опрема, со прецизирани периоди на спроведување на ремонтот и тоа во најкус можен рок, но не подоцна од 14 дена пред отпочнување на планираните ремонти и/или други планирани активности кои дополнително ќе влијаат на потрошувачката на електрична енергија.

Размената на информации ќе се води исклучиво помеѓу овластени лица и на овластени контакт информации.

НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

Член 7

Фактурирањето и плаќањето на фактурите ќе се врши врз основа на реално испорачаните количини во договорниот период на месечна основа, а според порамнувањето согласно Правилата за пазар со електрична енергија во местата на испорака и под услови предвидени во Договорот што ќе се склучи со најповолниот понудувач.

Носителот на набавката - Снабдувачот се обврзува да издаде месечна фактура во печатена форма за потрошената електрична енергија и ја достави во архивата на Договорниот орган – Потрошувачот, во оригинал.

**Месечната фактура ќе биде издадена и доставена на Договорниот орган најдоцна до 15-ти во тековниот месец, а ќе гласи за претходниот месец.**

Договорниот орган - Потрошувачот е должен да му ги плаќа на Носителот на набавката - Снабдувачот месечните фактури во рок од 30 (триесет) дена од последниот ден на испорака во тековниот месец.

Плаќањата по доставените фактури ќе се вршат преку банкарска трансакција, на жиро сметка на Носителот на набавката – Снабдувачот, наведена во фактурата.

Во случај на задоцнето плаќање по датумот на доспевање, Носителот на набавката- Снабдувачот има право дополнително да го задолжи Договорниот орган- Потрошувачот да плати и законска казнена камата согласно одредбите на Законот за облигационите односи.

Член 8

Снабдувачот со електрична енергија има право да превземе мерки за прекин на испораката на електрична енергија во случај на неплаќање на фактурите согласно Мрежните правилата за снабдување со електрична енергија.

ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ, НЕИСПОЛНУВАЊЕ ИЛИ НЕУРЕДНО ИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 9

Во случај на ограничување или прекин на испораката на електричната енергија, квалитетот на испорачаната електрична енергија, услугите за снабдувањето, како и висината на обештетувањето на набавувачот во случај на прекин на испораката на електрична енергија во целост ќе се применуваат Правилата за снабдување со електрична енергија.

ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Член 10

Снабдувач со електрична енергија мора да обезбеди заштита на податоците, во согласност со прописите за заштита на личните податоци.

ВИША СИЛА

Член 11

Снабдувач со електрична енергија и Договорниот орган-Потрошувач на електричната енергија се согласни ниту една договорна страна да не биде одговорна кон друга за губиток, повреда или неизвршување на одредбите од овој договор, кои се предизвикани од виша сила.

Под виша сила се подразбира она што е регулирано со Законот за облигационите односи. Договорните страни се обврзуваат писмено да ја известат другата договорна страна, во случај на стапување на виша сила во дејство и ќе договорат нови услови за исполнување или за раскинување на Договорот.

ИЗМЕНИ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА ВО ТЕКОТ НА НЕГОВАТА ВАЖНОСТ

Член 12

Во текот на реализацијата на договорот може да дојде до негово менување согласно со член 119 од Законот за јавните набавки.

РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 13

Кога една од договорните страна нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнувањето на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

Член 14

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање.

**ГАРАНЦИЈА**

Член 15

Навременото и квалитетното извршување на Договорот, Снабдувач со електрична енергија го гарантира со доставување на банкарска гаранција од банка прифатлива за Договорниот орган во висина од **5%** од вредноста на договорот односно во износ од **150.000,00 денари** со времетраење на важност на истата еднаква на времетраењето на важноста на договорот односно истата да биде со важност од 01.05.2021 година до 30.04.2022 година +14 дена за враќање на банкарската гаранција, во еден оригинален примерок, неотповиклива, непреносива и наплатлива безусловно на прв писмен повик.

Со гаранцијата за квалитетно извршување на договорот, Снабдувачот се обврзува дека навремено, квалитетно и според условите од договорот ќе ја испорача електричната енергија која е предмет на овој договор.

Гаранцијата се наплаќа во случај на неисполнување на некоја од обврските од договорот за јавна набавка согласно договореното, при што Потрошувачот писмено ќе го извести Снабдувачот дека ќе пристапи кон наплата на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот.

Доколку договорот за јавна набавка е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот договорниот орган-потрошувач му ја враќа на снабдувачот во рок од 14 дена од целосното реализирање на договорот.

КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

Член 16

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор.

РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

Член 1

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

Доколку тоа не даде резултат во рок од 10 дена, спорот ќе го решава надлежниот суд во Скопје.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 18

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено, согласно одредбите од Законот за јавните набавки.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Анекс кон овој договор.

Анексите кон овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

Член 19

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

Член 20

Врз сите евентуални спорови кои би произлегле од овој договор ќе се применуваат позитивните законски прописи.

Член 21

Овој договор е составен во шест (6) примероци, од кои 4 (четири) примерока за договорниот орган и 2 (два) примерока за носителот на набавката.

| | |
|---|---|
| Договорен орган | Носител на набавката |
| Општина Кратово | МИСТ ЕНЕРЏИ ДООЕЛ СКОПЈЕ |
| Градоначалник<br>Д-р Љупчо Бојаџиев | Одговорно лице<br>Марјан Трајковски |

## ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА

Општина Кратово има потреба од набавка и испорака на активна електрична енергија од лиценциран снабдувач во временски период од 12 (дванаесет) месеци. Снабдувањето со електрична енергија треба да биде во согласност со позитивните законски прописи и стандарди односно со следните правила:

-Закон за енергетика

-Правила на пазар на електрична енергија

-Правила за снабдување со електрична енергија

-Мрежни правила за пренос на електрична енергија

-Мрежни правила за дистрибуција на електрична енергија

**Активна електрична енергија(AVT) .................. 157.000,00 АВТ**
**Активна електрична енергија(АНТ) ................... 380.000,00 АНТ**
**ВКУПНО 537.000,00 kWh**

**Деталните податоци по броила и места се дадени во ексел табела во прилог на оваа тендерска документација.**

Планираната количина на електрична енергија е врз основа на минатогодишната потрошувачка и предвидениот очекуван раст на потошувачката.
Снабдувачот прифаќа отстапки од планираната количина односно таа не е обврзувачка како на месечно така и на годишно ниво и зависи од временските услови на начинот на потрошувачка.
Во единечната цена за 1 KWh активна електрична енергија, економскиот оператор треба да ги вклучува следните трошоци:

-активна електрична енергија

-план и номинирање на потрошувачката на електричната енергија

-балансна одговорност

Единечната цена за електрична енергија е фиксна и непроменлива за предвидените количини, а истото се однесува и за потрошените количини на електрична енергија.
Надоместокот за електрична енергија од повластени производители како и надоместокот за користење на пазарот на електрична енергија, не се предмет на понудата, а истите треба да бидат вклучени во фактурата од снабдувачот.

За погоренаведените надоместоци (пазар на електрична енергија и електрична енергија произведена од повластени производители) цената е променлива, се формира врз основа на законот за распределба на електрична енергија произведена од повластени производители на електрична енергија (ППЕЕ) на снабдувачи и трговци кои снабдуваат потрошувачи објавен од независно регулаторно тело, формирано да го регулира енергетскиот сектор, согласно важечката регулатива.
Дистрибутивната такса и активноста моќност не се предмет на понуда и не треба да бидат фактурирани од страна на снабдувачот со електрична енергија.

**НАПОМЕНА :**

**Економскиот оператор да поседува :**

- да поседува EIC код издаден од АД МЕПСО – Скопје

**Докази кои ги доставува економскиот оператор за исполнување на горенаведените услови:**

- Известување од АД МЕПСО за одобрен и регистриран идентификационен код (EIC);

| | |
|---|---|
| Договорен орган | Носител на набавката |
| Општина Кратово | Мист Енерџи ДООЕЛ Скопје |
| Градоначалник<br>Д-р Љупчо Бојаџиев | Одговорно лице<br>Марјан Трајковски |